# КОМУНИКАЦИЈА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА СО ПАРТНЕРИТЕ

Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор MK 18 IPA FI 03 20

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

# ЗА НАС




Државен завод за ревизија

# КОИ СМЕ НИЕ?

Државниот завод за ревизија е независна врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија.

Државниот завод за ревизија е формиран во 1997 година со усвојувањето на првиот Закон за државна ревизија (Службен весник на Република Македонија бр. 65/97).

## МИСИЈА

Државниот завод за ревизија (ДЗР) е врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија чијашто цел е навремено да ги информира Собранието, Владата, другите јавни служби и јавноста за наодите од спроведените ревизии.

ДЗР го поддржува Собранието на Република Северна Македонија при спроведувањето на своите компетенции идентификувајќи и презентирајќи нерегуларности, случаи на нелегално работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на должноста.

ДЗР ги поддржува државните институции и корисниците на јавни фондови со тоа што дава јасни и ефективни препораки со цел да го подобри владеењето и со тоа придонесува во подобрување на животот на граѓаните во Република Северна Македонија.

## ВИЗИЈА

За да можеме успешно да ја исполниме нашата цел – **ДА СЕ ГРИЖИМЕ ЗА ЈАВНИТЕ ФОНДОВИ И ДА ПРИДОНЕСУВАМЕ ЗА ПОДОБРО УПРАВУВАЊЕ СО ИСТИТЕ**, нашата визија е постојано да работиме квалитетно и со тоа ќе го задржиме епитетот на независен и професионален партнер со висок степен на интегритет кој истовремено е и носител на напредокот при управувањето со јавните фондови и нивно одговорно и транспарентно користење.

Државниот завод за ревизија е институција со препознаена вредност која постојано ги поттикнува и развива: професионалните вештини, одговорното извршување на работните задачи, тимската работа, сигурноста и професионалноста, етиката, како и професионалниот и личниот интегритет на овластените државни ревизори и државните ревизори.

# СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

1. Осигурање на целосна независност на ДЗР

2. Понатамошен развој на квалитетот на државната ревизија

3. Понатамошен развој на системот за управување на институционалните капацитети на ДЗР

4. Понатамошен развој на информатичкиот систем на ДЗР и применување на информатичката технологија

5. Подобрување на комуникацискиот систем и процесот на размена на информации со домашните и меѓународните правни лица.

# ШТО РАБОТИМЕ?

Државниот завод за ревизија спроведува ревизии за реализирањето и користењето на јавните фондови од страна на тела од јавниот сектор на централно и локално ниво.

Доколку идентификува некакви деловни нерегуларности им дава препораки на лицата како подобро и поефикасно да раководат со јавните фондови што на крајот се сведува на придонесување кон подобрување на животот на граѓаните во Република Северна Македонија.




Гостување на Главниот државен ревизор во емисијата „Економски магазин“ (ТВ Алсат)

# КАКО ГИ ИЗВРШУВАМЕ?

Како независен надворешен ревизор, ДЗР спроведува ревизии во согласност со ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (МОВРИ / ИНТОСАИ), применувајќи високо професионални квалификации и континуирана обука на вработените што претставува важна вредност во работата на врховните ревизорски институции.

# I. КОМУНИКАЦИЈА



## КОЈА Е ВАЖНОСТА ОД ПУБЛИЦИТЕТОТ ЗА НАШАТА РАБОТА И КОРИСТА ОД КОМУНИКАЦИЈАТА СО ПАРТНЕРИТЕ?

Транспаретноста и одговорноста се дел од клучните стратешки цели на ВРИ и голем број на важни меѓународни организации и институции, вклучувајќи ги ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, ОЕЦД / СИГМА, ИДИ, Светска Банка и Обединети Нации, ја потенцираат важноста за комуницирање со партнерите.

Државниот завод за ревизија ја информира јавноста за својата работа и своите активности како и за резултатите и ефектите постигнати од ревизиите спроведени врз субјекти според годишната програма за работа, транспарентно, навремено и објективно преку објавување на податоци што ги има во конечните ревизорски извешти на веб-страницата на Државниот завод за ревизија (www.dzr.mk).

**Синергијата што се појавува како резултат од добрата соработка меѓу Државниот завод за ревизија и неговите партнери може да придонесе повеќе корисни работи:**

- позиционирање на Државниот завод за ревизија како професионална, независна и важна институција, зголемена ефикасност, транспарентност и одговорност и зголемување на довербата кај јавноста во својата работа и со тоа зајакнување на угледот на институцијата
- зголемено информирање, ефикасност, одговорност и транспарентност на јавниот сектор, зајакнување на довербата на граѓаните во институциите, зголемување на ефикасноста кај партнерите и нивниот углед во општеството, подобрување на квалитетот на јавните услуги и поефикасно користење на јавните ресурси и зголемување на довербата на граѓаните во демократијата и човековите права.

# КОИ СЕ НАШИТЕ НАДВОРЕШНИ ПАРТНЕРИ?

- ЈАВНИТЕ ВЛАСТИ:
  - СОБРАНИЕ
  - ВЛАДА И МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
  - ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
  - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
  - МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
  - РЕВИДИРАНИ ЛИЦА
- МЕЃУНАРОДНИ РЕВИЗОРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ДРУГИ ВРИ
- ГРАЃАНСКИ СЕКТОР И ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ
- МЕДИУМИ
- ЈАВНОСТ

# КАКО КОМУНИЦИРАМЕ СО НИВ?

**Државниот завод за ревизија развив Комуникациска Стратегија за периодот 2020 - 2023.**

Оваа модерна стратегија се фокусира на општата јавност и воспоставување и поттикнување на двонасочна и отворена комуникација со партнерите која се остварува на различни начини (веб-страницата на ДЗР, социјални мрежи (Twitter, Facebook, YouTube), ТВ канали, брифинзи, прес конференции, електронска пошта, работилници и обуки, состаноци и др.).



# КОИ СЕ ОСНОВНИТЕ ПРИНЦИПИ НА НАШАТА КОМУНИКАЦИЈА?



# КОЈА Е ВАЖНОСТА ДА СЕ ИМА ДОБРА КОМУНИКАЦИЈА СО ПАРТНЕРИТЕ?

- да се биде информиран за работата на Државниот завод за ревизија

- добивање точни и навремени информации за работата/операциите на ревидираните субјекти

- зголемување на ефикасноста на партнерите (врз основа на информации за нерегуларности во работата/операциите на ревидираните субјекти за задачите што ги извршуваат во нивна надлежност и деловните одлуки што ги носат)

- придонес за зголемување на одговорноста во јавниот сектор (врз основа на информации за нерегуларности во работата/операциите на ревидираните субјекти влијаејќи на истите да преземат активности во врска со препораките добиени од Државниот завод за ревизија)

- инфромации за работата на врховните ревизорски институции и работата/операциите на ревидираните субјекти врз основа на научни и професионални студии и документи.



# ЗОШТО НИ Е ВАЖНА ВНАТРЕШНАТА КОМУНИКАЦИЈА?

Една успешна врховна ревизорска институција претставува добро информирани вработени, а тоа значи дека вработениот ги има потребните информации за да си ја изврши задачата во своја надлежност и уште повеќе вработениот е информиран за активностите и настаните во самата институција.

## Контакти во ДЗР

**ПРЕС КОНТАКТ:**

Албиона Мустафа Мухаџири
+389 72 228 203 albiona.mustafa@dzr.gov.mk

Мијалче Дургутов
+389 70 358 486 mijalce.durgutov@dzr.gov.mk

Мартин Дувњак
+389 75 268 517 martin.duvnjak@dzr.gov.mk

State Audit Office
Tkalčićeva 19
10 000 Zagreb
Croatia
+385 1 46 27 888
+385 1 48 13 296
revizija@revizija.hr

Bulgarian National Audit Office
37, Ekzarh Yosif Str.
1000 Sofia
+359 2 980 36 90
president@bulnao.government.bg

State Audit Office
Pavel Shatev St. 2
Palata Emanuel Chuchkov
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
++389 2 32 11 520
++389 2 32 11 262
dzr@dzr.gov.mk

www.dzr.mk

Изјава за одрекување од одговорност: Оваа публикација е изработена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е исклучиво одговорност на проектот и на ниеден начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.